**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**

**“ Истражувач во Одделението за анализа, евалуација и мониторинг ”**
**(реф.бр. MK/SSIP # 1.3.18)**

**Име на проект: Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ Проект)**
**Кредит Бр: 8902 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

1. На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проектот за подобрување на социјалните услуги. Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорите што ќе се склучат за ангажирање на Истражувач во Одделението за анализа, евалуација и мониторинг реф.бр. MK/SSIP # 1.3.18.

2. Консултантот ќе има за цел да ги зајакне капацитетите на Одделението за анализа, евалуација и мониторинг во рамките на МТСП како алатка за креирање на политики што ќе го подобрат системот на социјална заштита во Македонија. Консултантот ќе биде ангажиран со полно работно време, од 08.30 до 16.30 часот од понеделник до петок.

3. Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/proekt-za-podobruvanje-na-socijalnite-uslugi.nspx

4. **Потребни квалификации:**

- Универзитетско образование во областа на економија, математика или слична област.
- Одлични аналитички способности;
- Практично искуство во работа со компјутери во апликации за MS Windows. Дополнително познавање на статистички софтвер (SPSS, SAS, Stata итн.) ќе се смета за предност;
- Работното искуство во анализа на податоци и други активности поврзани со подготовка на статистика, анализа на анкети за домаќинства, проценка на политики и предвидување на податоци ќе се смета за предност;
- Одлична вербална и писмена комуникација на англиски и македонски јазик.

5. Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

6. За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со ППСУ Проектот, е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk

7. Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да доставaт документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).

8. Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **25.11.2020** година електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk, со назнака: за **реф.бр. MK/SSIP # 1.3.18.**